Бр./Nr 09-3480/1

06-10-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 39-тата седница, одржана на ден 02.10.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4271/1 од 13.09.2019 година, доставена по електронски пат, од лицето ----------, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-4271/1 од 13.09.2019 година, бидејќи во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија.

Предметот со број 09-4271/1 од 13.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4271/1 од 13.09.2019 година е оформен врз основа на пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронски пат, од лицето -------------. Во пријавата се изразуваат наводи дека Градоначалникот на ---------------- ќе ја вработи неговата снаа за прв братучед ------------ како професор во -----------------, без регуларен конкурс, односно преку Завод за вработување, по пат на итни и неодложни работи.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатираше дека истата не содржи наводи или укажувања за сторени незаконити или недозволиви дејствија од страна на службеното лице ------------------ – Градоначалник на Општина ------------------, односно дека посоченото лице, снаа за прв братучед не спаѓа во групата „блиски лица", дефинирани во член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК
Изработил: Сашко Колев, Виш соработник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk